РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0401-2161/1
29.09.2022 год.

Врз основа на Одлука за одржување на маратон во трчање по повод празникот 11-ти Октомври Бр.0801-2130/1 од 21.09.2022 год. донесена од Совет на Општина Лозово и на член 50 став 1 точка 16 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на Р.М бр.05/02) Градоначалникот на Општина Лозово, на ден 29.09.2022 год. донесе:

# Ј А В Е Н   П О В И К

до сите заинтересирани лица за учество во настанот – маратон во трчање под името Маратон "11-ти Октомври" Лозово 2022

Во Општина Лозово по повод празникот 11-ти Октомври, Ден на народното востание на Македонскиот народ – се организира маратон во трчање под името Маратон "11-ти Октомври" Лозово 2022. Се повикуваат сите заинтересирани лица за учество во настанот – маратон во трчање во Општина Лозово кој ќе се одржи на 11.10.2022 год. (Вторник).

Трки:

- Трка 15.000 метри - почеток во 10:00 часот.
- Трка 100 метри - почеток во 10:05 часот. (7-10 год.)
- Трка 200 метри - почеток во 10:20 часот. (11-14 год.)
- Трка 400 метри - почеток во 10:40 часот. (15-18 год.)

Временското ограничување на трката од 15км изнесува 120 минути од стартот на трката. Котизација: НЕ СЕ НАПЛАЌА

Предвидени се парични награди за нај брзите 3 (три) учесници во трката на 15.000 метри:

- I место 10.000,оо денари (пофалница + медал)
- II место 6.000,оо денари (пофалница + медал)
- III место 4.000,оо денари (пофалница + медал)

Патеката за трката Маратон "11-ти Октомври" Лозово 2022 е кружна, при што учесниците на трката на 15км трчаат еден круг. Стартот и целта на патеката е на ул. Маршал Тито бб. Лозово. Патеката опфаќа локални асфалтирани и земјени патишта кои поминуваат низ населени места по следниот редослед: Лозово, Милино, Каратманово, Дорфулија, Лозово. Со оглед на тоа што патеката е со должина од 15км, освежителни станици ќе има поставено на повеќе локации долж патеката.

Условите за учество на Маратон "11-ти Октомври" Лозово 2022 се предмет на Општите услови на натпреварот и се задолжителни за секој регистриран учесник на настанот:

1. Секој учесник трката ќе ја започне на своја одговорност и ризик. Учесниците се лично одговорни за сопственото здравје и психофизичка состојба, како и за можноста да ја завршат трката во избраната категорија.

2. За време на натпреварот, од безбедносни причини, препорачливо е да не се слуша музика и да не се носат слушалки.

3. Водичи или други лица на велосипеди (или други средства), не смеат да ги придружуваат учесниците и затоа ќе бидат исклучени од полицијата или од организаторите.

4. Организаторот има право на денот на трката да го одбие учеството на тим или тркач кој носи маица со пораки кои поттикнуваат национална, верска и/или нетрпеливост, односно омраза по друга основа.

5. Според правилата на IAAF, прифаќањето освежување е дозволено само во областите на станицата за освежување.

6. Сите учесници мора да ги почитуваат упатствата на техничките лица и организаторите.

7. Учесниците прифаќаат дека употребата на нивното име, глас, фотографија или видео материјал му припаѓаат на организаторот, вклучително и сите видови рекламирање на радио, ТВ и Интернет и други комерцијални активности на организаторот.

8. Со пополнување на пријавата учесниците се согласуваат со Правилата за учество.

9. Повреда на овие правила може да доведе до дисквалификација.

Во моментот не постојат важечки здравствени протоколи за одржување на Маратонот. Доколку се случат промени, настанот ќе бидее одржан согласно важечките законски прописи во времето на одржување на настанот, согласно здравствените протоколи кои ќе важат на 11.10.2022 год. и согласно препораките на надлежните органи и Комисијата за заразни болести. Организаторот има обврска да ги извести учесниците во нај краток можен рок за правила и протоколите под кои ќе се одржи настанот.

Учесникот може да се откаже од трката и нема обврска за тоа да го извести организаторот, додека организаторот го задржува правото да врши промена во Правилата за учество.

Општина Лозово
Градоначалник

Бошко Цветковски

# ПРИЈАВА

**(Податоците треба да бидат јасно читливи и веродостојни, според важечка лична карта)**

Јас, _____________________________, со ЕМБГ_________________, со пријавена адреса на живеење_______________________, во Општина _____________, контакт-телефон ________________ се пријавувам за настанот маратон во трчање под името Маратон "11-ти Октомври" Лозово 2022 во Општина Лозово, врз основа на Одлука за одржување на маратон во трчање по повод празникот 11-ти Октомври Бр.0801-2130/1 од 21.09.2022 год. од Совет на Општина Лозово и Јавен повик Бр.0401-2161/1 од 29.09.2022 год.

**Преку оваа ПРИЈАВА, воедно, изјавувам дека се согласувам со правилата за учество опфатени во настанот и тоа:**

1. Секој учесник трката ќе ја започне на своја одговорност и ризик. Учесниците се лично одговорни за сопственото здравје и психофизичка состојба, како и за можноста да ја завршат трката во избраната категорија.

2. За време на натпреварот, од безбедносни причини, препорачливо е да не се слуша музика и да не се носат слушалки.

3. Водичи или други лица на велосипеди (или други средства), не смеат да ги придружуваат учесниците и затоа ќе бидат исклучени од полицијата или од организаторите.

4. Организаторот има право на денот на трката да го одбие учеството на тим или тркач кој носи маица со пораки кои поттикнуваат национална, верска и/или нетрпеливост, односно омраза по друга основа.

5. Според правилата на IAAF, прифаќањето освежување е дозволено само во областите на станицата за освежување.

6. Сите учесници мора да ги почитуваат упатствата на техничките лица и организаторите.

7. Учесниците прифаќаат дека употребата на нивното име, глас, фотографија или видео материјал му припаѓаат на организаторот, вклучително и сите видови рекламирање на радио, ТВ и Интернет и други комерцијални активности на организаторот.

***Повреда на погоре наведените правила, може да доведе до дисквалификација**

**Датум** **Подносител**

__________**2022 год.** ________________________